МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

# Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција

Скопје, февруари 2010г.

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“,бр.71/06 и 139/08) се уредуваат надлежностите и организацијата на санитарната и здравствената инспекција, назначувањето на санитарните и здравствените инспектори, овластувањата и постапката за вршење на инспекцискиот надзор.

Согласно овој закон, за државен санитарен и здравствен инспектор може да биде назначено лице кое има завршено високо образование –медицински факултет, положен стручен испит и една година работно искуство во струката. Со Законот за изменување и дополнување на законот за државните службеници (Службен весник на Република Македонија бр.114/09) за работното место советник инспектор предвидено е најмалку три години работно искуство во струката.

Со оглед на надлежностите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, особено во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, се наметна потребата од вклучување на лица со завршен стоматолошки факултет кои, покрај докторите на медицина, ќе бидат назначени за државни санитарни и здравствени инспектори.

Во пракса, при вршењето на инспекцискиот надзор, особено кога се наложуваат итни и неодложни мерки за заштита на здравјето и животот на луѓето, ДСЗИ наидува на потешкотии особено при затворање на објекти и поставување на лента, од која за јавноста е видливо дека објектот е затворен. Поради тоа има потреба од уредување на ова прашања со Законот.

Покрај ова се врши и терминолошко усогласување на одделни одредби од Законот за санитарната и здравствената инспекција со посебните прописи со кои е уредена надлежноста на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта што треба да се постигне со овој закон е обезбезбедување на интердисциплинарен пристап во вршењето на инспекцискиот надзор преку вклучување на повеќе профили на извршители – државни санитарни и здравствени инспектори.

Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција се заснова на истите начела на кои се заснова Законот за санитарната и здравствената инспекција.

Со овој закон се уредува можноста за државен санитарен и здравствен инспектор да биде назначено и лице кое има завршено високо образование – стоматолошки факултет, со што ќе се обезбеди вклучување на повеќе профили на извршители – државни санитарни и здравствени инспектори.

Законот се дополнува решението во случаите кога се наложуваат итни и неодложни мерки за заштита на здравјето и животот на луѓето да се поставуви лента на видно место со текст „затворено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат“, заверена со печат на Инспекторатот, потпис на инспекторот кој ја поставил и дата на поставување, со што ќе се извести јавноста дека објектот е затворен .

## III.ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕТСТВА

Донесувањето на овој закон сам по себе не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на РМ, а финансиските импликации се однесуваат во однос на обезбедување на дополнителни 190 000,00 денари за 2010год., што претставува разлика во платата за 6 извршители кои моментално се врботени во ДСЗИ како државни службеници - помлади соработници на неопределено време, до платата на советник-инспектор.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕТСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Новите инспектори, согласно Годишната програма за стручно оспособување и усовршување на државните службеници на ДСЗИ , ќе бидат опфатени со редовни обуки во рамките на планираните средства. Овој закон не повлекува материјални обврски за други субјекти.

Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција

Член 1

Во Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“, бр.71/06 и 139/08) во член 4 став 1 во точката 2) зборовите „здравствена исправност“ се заменуваат со зборовите „безбедност“, а зборовите „сретства за одржување на лична хигиена, за нега и разубавување на лицето и телото и амбалажата на тие сретства“ се заменуваат со зборовите „козметички производи, супстанци за производство и амбалажата за тие производи“.

Точката 4) се брише.

Точката 5) станува точка 4).

Точката 6) станува точка 7).

Во точката 7) која станува точка 6) зборовите „на лицата кои вршат“ се заменуваат со зборовите „во кои се врши“.

Точките 8) и 9) стануваат точки 7) и 8).

Во точката 10) која станува точка 9) по зборот „употреба“ се става запирка и се додаваат зборовите „козметичките производи“.

Во точката 11) која станува точка 10 зборовите „елементарни непогоди“ се заменуваат со зборовите „кризни состојби“.

Точките 12) и 13) стануваат точки 11) и 12).

Член 2

Во член 5 став 1 во точката 4) зборовите „согласно со потпишаните договори“ се заменуваат со зборовите „на здравствените работници.“

Во точката 7) по зборот „прегледи“ се додаваат зборовите „на вработените“.

По точката 8) се додава точка 9) која гласи:

„9) спроведувањето на прописите од областа на здравството“.

Точката 9) станува точка 10).

Член 3

Во член 6 во ставот 1 зборовите „заводите на здравствена заштита“ се заменуваат со зборовите „Институтот за јавно здравје на Република Македонија, центрите за јавно здравје“.

Во ставот 2 зборовите „санитарните и здравствените“ се заменуваат со зборовите „државните санитарни и здравствени“.

Член 4

Во член 8 во ставот 2 по зборовите „медицински факултет“ се додаваат зборовите„ „или стоматолошки факултет“, по зборот „факултет“ се додава сврзникот „и“ а зборовите „и најмалку една година работно искуство во струката“ се бришат.

.

Член 5

Во член 17 став 1 во точката 2) по зборот „согласност“ се додава запирка и зборот „пријава“.

Во точката 10) зборот „технолошкиот“ се заменува со зборот „производствениот“, а зборовите „здравствено неисправни“ се заменуваат со зборовите „небезбедни козметички производи и“.

Член 6

Во член 27 во ставот 2 по зборот „инспекторите“ се додаваат зборовите „поставуваат лента на видно место со следниот текст „затворено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат“, заверена со печат на Инспекторатот, потпис на инспекторот кој ја поставил и дата на поставување и “.

Член 7

Во член 31 во ставот 1 по точката 1) се додава нова точка 2) која гласи:

„2) не постапи по извршно решение на инспекторот (член 25, став 2)“.

Точката 2) станува точка 3).

Член 8

Овај закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со членовите 1, 2, 3 и 5 од Предлогот на Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“, бр.71/06 и 139/08) се врши измена и дополнување на член 4 став 1 точка 2), 4), 5), 7), 10) и 11), член 6 и член 17, став 1 точка 2) и 10) при што се врши усогласување со соодветните прописи од одделни области со кои е уредена надлежноста на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Со членот 4 се дополонува членот 8 став 2 со можност за државен санитарен и здравствен инспектор покрај лице со завршен медицински факултет да биде назначено и лице со завршен стоматолошки факултет, ако ги исполнува и другите услови пропишани со овој закон

Со членот 6 од Предлогот на Законот се дополнува постојниот член 27 став 2 од Законот, со предвидување на поставување на лента на видно место со следниот текст „затворено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат“, заверена со печат на Инспекторатот, потпис на инспекторот кој ја поставил и дата на поставување во случаи кога се наложуваат итни и неодложни мерки за заштита на здравјето и животот на луѓето.

Со членот 7 од Предлогот на Законот се дополнува постојниот член 31 став 1 со нова точка според која како прекршок се утврдува и не постапувањето по извршно решение на инспекторот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот се предлага изменување и дополнување на постојните решенија содржани во одредбите од Законот истите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното изменување и дополнување се врши допрецизирање на одредени одредби од Законот во функција на соодветно постапување на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и се создава можност за државни санитарни и здравствени инспектори, освен лица кои имаат завршено медицински факултет, да бидат назначени и лица кои имаат завршено стоматолошки факултет и кои ги исполнуваат и другите услови утврдени со овој закон и Законот за државните службеници.

Текст на одредбите од Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“, бр.71/06 и 139/08) што се менуваат и дополнуваат

Член 4

Во областа на санитарно - хигиенската и епидемиолошката заштита, Инспекторатот врши надзор особено над:

1) спроведувањето на општите и посебните мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречувањето на ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите, а по епидемиолошка индикација - кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;

2) здравствената исправност на предметите за општа употреба во производство и прометот и тоа: детски играчки, средства за одржување на чистотата, средствата за одржување на лична хигиена, за нега и разубавување на лицето и телото и амбалажата за тие средства и определени предмети што при употреба доаѓаат во непосреден допир со кожа и слузница;

3) исполнување на условите за вршење на дејност согласно со посебни прописи во објекти од надлежност на санитарната и здравствената инспекција;

4) изворите на нејонизирачко зрачење;

5) производство и промет на опојните дроги, отровите и прекурзорите распоредени согласно со прописите во групата на отвори;

6) спроведувањето на мерките за заштита од штетни материи и влијанија врз здравјето на луѓето;

7) санитарно-хигиенските услови во објектите, просторот, просториите, уредите и опремата на лицата кои вршат здравствена дејност и дејности во областа на образованието, културата, социјалната заштита, спортот и рекреацијата, јавниот превоз, угостителството, туризмот, трговијата и другите стопански гранки;

8) лицата кои на работните места со својата здравствена состојба можат да загрозат здравјето на населението, а по епидемиолошки индикации – кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;

9) ексхумацијата и преносот на умрените лица на територијата на Република Македонија и преку нејзините граници;

10) лицата, стоките и превозните средства на граничните премини, а во врска со заштитата на здравјето на населението од внесувањето и ширењето на заразни болести, како и над увозот на предметите за општата употреба и опасните материи;

11) инфраструктурните и другите објекти во случај на елементарни непогоди и други вонредни услови;

12) создавањето, селектирањето, пакувањето и одлагањето на медицинскиот отпад, и

13) заштитата од штетните дејствија на пушењето на тутун и другите производи од тутун.

Инспекторатот дава согласност и мислења во постапката за издавање на одобренија за градба, како и други согласности и мислења на барање од надлежен орган утврдени со закон или друг пропис донесени врз основа на закон.

Инспекторатот врши и други работи што се во негова надлежност согласно закон.

Член 5

Во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, Инспекторатот врши надзор особено над:

1) остварувањето на правата од здравствената заштита;

2) остварувањето на правата од здравственото осигурување; 3) вршењето на здравствена дејност согласно со одобрение донесено од надлежен орган;

4) вршењето на дополнителната дејност согласно со потпишаните договори;

5) придржувањето на условите во текот на работењето во поглед на просторот, опремата и кадарот за вршење на определени здравствени дејности согласно со прописите од здравствената заштита;

6) распоредот, почетокот и завршувањето на работното време во здравствените установи;

7) извршувањето и содржината на системските и превентивните здравствени прегледи;

8) евиденциите во областа на здравството и

9) општите акти на здравствените установи особено на:

- организација и начинот на укажувањето на итна медицинска помош;
- начинот на користењето и одржувањето на медицинската опрема;
- нега на болните и домашно лекување
- приемот на корисниците при укажувањето на примарна, специјалистичко - консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита;
- начинот на спроведувањето на внатрешниот надзор над стручната работа на здравствените работници и соработници, и
- видот и користење на работна облека.

Член 6

Во вршењето на инспекцискиот надзор Инспекторот може да побара стручно мислење од заводите на здравствена заштита и другите стручни установи и правни лица, ако за утврдување на битни факти или околности е потребно стручно мислење.

Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, санитарните и здравствените инспектори утврдат потреба можат до министерот за здравство да иницираат постапка за стручен надзор над стручната работа на здравствената установа, согласно со Законот за здравствената заштита.

Член 8

Инспекцискиот надзор во рамките на надлежноста на Инспекторатот го вршат државни санитарни и здравствени инспектори ( во натамошниот текст: инспектори).

Инспектор може да биде лице кое ги исполнува општите услови утврдени со Законот за државните службеници, има високо образование – медицински факултет, положен стручен испит и најмалку една година работно искуство во струката.

Инспекторите ги назначува министерот за здравство во согласност со одредбите од Законот за здравствените службеници.

Член 17

Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор се овластени да:

1) забранат користење на работни и јавни простории, уреди и опрема до отстранување на санитарно-хигиенските недостатоци што влијаат штетно врз животот и здравјето на луѓето;

2) забранат употреба на јавни објекти кои работат без претходна согласност или одобрение за работа од надлежниот орган;

3) наредат отстранување на недостатоци, односно неправилности во согласност со законите и другите прописи со кои се уредува заштитата на здравјето на луѓето;

4) наредат спроведување на санитарно-хигиенските мерки заради спречување и сузбивање на заразни болести:

5) наредат отстранување од работа на лица кои со својата здравствена состојба можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето;

6)забранат собирање на граѓани во јавните објекти или на јавни места ако постои опасност од ширење на заразни болести ;

7) забранат дејност во објект кој претставува непосредна опасност за ширење на заразни болести и епидемија;

8) наредат отстранување на недостатоци, односно неправилности при спроведување на дезинфекција и стерилизација во здравствени или други установи;

9) забранат употреба на површински води и јавни базени (спортско - рекреативни, здравствени, козметички базени и слично), ако не се преземени потребните мерки за безбедно користење;

10) наредат отстранување на недостатоци во технолошкиот процес кои доведуваат до производство на здравствено неисправни предмети за општа употреба;

11) забранат работа на уреди и објекти што испуштаат штетни материи или на друг начин штетно влијаат врз здравјето и животот на граѓаните;

12) забранат вршење на здравствена дејност  ако се врши спротивно на прописите за здравствена заштита и

13) преземаат и други мерки за кои се овластени со закон и други прописи.

Член 27

Во случаи кога ќе се утврдат постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на граѓаните, инспекторите издаваат усна наредба за итно и неодложно отстранување на недостатоци, која се констатира со записник.

Во случаите од ставот 1 на овој член, инспекторите донесуваат решение во рок од 48 часа од издавањето на усната наредба.

Член 31

Глоба во износ од 1.000  до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на правното лице, ако:

1) оневозможи непосредно вршење на инспекцискиот надзор и на барање на инспекторот не дава вистинити и точни податоци, информации, мостри и други материјали, без надоместок или оневозможи привремено одземање на документацијата или други предмети кои можат да послужат како доказ во судската постапка ( член 14) и

2) не постапи по усна наредба издадена од инспекторот за  итно и неодложно отстранување на недостатоци при постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на граѓаните ( член 27 став 1).

За прекршокот од ставот 1 на овој член глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност  ќе се изрече на физичко лице кое врши самостојна дејност или професија.

За прекршокот од ставот 1 на овој член глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност  ќе се изрече  на одговорното лице во правното лице.